РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-4132/3
19-05-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на 67-та седница одржана на ден 13.05.2022 година донесе

**О Д Л У К А**

Постапката на ДКСК по предмет број 08-4858/1 од 12.11.2021 година, оформен по сопствена иницијатива, за прекршување на одредбите од член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на Бобан Бојковски, член на Управниот одбор на ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, и интензивно лекување и ургентен центар - Скопје, СЕ ЗАПИРА.

Се констатира дека по издадениот прекршочен платен налог број бр.08-4132/2 од 26.04.2022 година е постапено од страна на именуваниот, односно е платена половина од утврдената глоба во истиот.

Нема елементи за натамошно постапување на ДКСК во конкретниот предмет.

Одлуката на ДКСК, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот заведен под број 08-4858/1 од 12.11.2021 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК, од увидот во Службен весник на РСМ број 191/2021 утврди дека Бобан Бојковски на ден 30.07.2021 година е именуван на должноста член на Управниот одбор на ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, и интензивно лекување и ургентен центар - Скопје и во законски предвидениот рок по именувањето на функцијата не поднела анкетен лист до ДКСК.

Поради горенаведеното, ДКСК на именуваното лице му издаде прекршочен платен налог бр.08-4132/2 од 26.04.2022 година, за сторен прекршок од член 82 став 1

од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Од страна на именуваниот, во законски утврдениот рок е постапено по прекршочниот платен налог, односно е платена половина од утврдената глоба во истиот.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изготвил:
Одобрил:

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**